*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 10 16 август 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

194.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решението за престанок на мандат.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2302/2
14 август 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

195.

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 4 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр 5/02), член 35 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип ("Службен гланик на Општината Штип", број 7/05) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На **Надица Танчева Тулиева** избрана за член на Советот на Општината Штип од ВМРО-ДПМНЕ со коалициските партнери - ЛП на Македонија, СП на Македонија, ДС на Македонија, ДССМ, Европска партија на Македонија, ВМРО-

Движење за обнова на Македонија, ВМРО-ДОМ, Партија на зелените, Народно движење на Македонија, Партија на власите на Македонија, Демократска партија на Православието-Единство на србите и македонците, Странка на демократска акција на Македонија-СДА, Бошњачка Демократска Партија-БДП, Партија на демократските сили на ромите во Македонија, ВМРО-Вистинска македонска реформска опција, поради неспоивост на функцијата член на совет со пратеник во Собранието на Република Македонија од 26 јули 2006 година ѝ престанува мандатот член на Советот на Општината Штип.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2302/1
11 август 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

196.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2303/2
14 август 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

197.

Врз основа на член 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип, **се избираат**:

   1. за претседател:
   - **Ѓеорги Ѓеоргиев**

   2. за членови:
   - **Митре Димов**
   - **Зоран Костовски**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-2303/1
11 август 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

198.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА
ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2304/2
14 август 2006 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

199.

Врз основа на член 10 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/97), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Извештајот на Верификационата комисија е составен дел на овој Заклучок.

III

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-2304/1
11 август 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

200.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2305/2
14 август 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

201.

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 18 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 9 и 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/97), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Штип

    1. Миланчо Георгиев

2. Свечената изјава на советникот е составен дел на ова Решение.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-2305/1
11 август 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

202.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2306/2
14 август 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

203.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. Во точка 1 потточка Д од Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип **се разрешува** Надица Танчева Тулиева, поради неспоивист на функциите пратеник во Собранието на РМ и член на Совет на Општина.

2. За член на Комисијата за Комисијата за статут и прописи на Советот на Општината Штип **се именува** Миланчо Георгиев.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2306/1
11 август 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

204.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2307/2
14 август 2006 година

Штип

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

205.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. Од член на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општината Штип **се разрешува** Надица Танчева Тулиева, поради неспоивост на функциите пратеник во Собранието на РМ и член на Совет на Општина.

2. За член на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општината Штип **се именува** Миланчо Георгиев.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2307/1
11 август 2006 година

Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

206.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ГРАДСКИТЕ И ПРИГРАДСКИТЕ ЛИНИИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2308/2
14 август 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

207.

Врз основа на член 22 алинеја 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Сл.весник на РМ", број 68/04) и член 6 од одлуката за линиски превоз на патници во Општината Штип ("Сл.гласник на Општината Штип", број 16/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МРЕЖАТА НА ГРАДСКИТЕ И ПРИГРАДСКИТЕ ЛИНИИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Со ова Одлука се утврдува мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип како и мрежата на линии помеѓу Општината Штип и Општината Карбинци.

Член 2

Мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип се утврдува и тоа:

| Број на линијата | Назив на линијата | Патека на движење на линијата |
|---|---|---|
| ***ЛИНИЈА 1*** | БАБИ (кружна) | Баби (раскрсницата со улиците "Партизанска" и "Крушевска Република"); Баби-ул.Лески (спроти поштата); Сењак - ул.Сајбие Демир бр.2; Сењак-ул.Сремски Фронт (спроти КАМ-маркет); ул.Панче Караѓозов (пред пинг-понг салата); ул.Сутјеска бб (кај хуманитарна зграда); Дујле; Автобуска станица; ул.Васил Главинов (пред Локалната самоуправа); Трговски центар; Дом на култура; Автобуска станица; Дујле; Сењак-ул. Сремски фронт бр.6; Сењак-ул. Сремски фронт (КАМ-маркет); Сењак-ул.Сајбие Демир бр.2; Баби-ул.Лески |

| | | |
|---|---|---|
| | | (спроти поштата); Баби (раскрсницата со улиците "Партизанска" и "Крушевска Република"). |
| ***ЛИНИЈА 2*** | ДУЗЛАК (кружна) | Дузлак-ул.Драги Крупишки; Дузлак-ул.Сремски Фронт; Сењак-ул.Сремски Фронт (спроти КАМ маркет); ул.Панче Караѓозов (пред пинг-понг салата); ул.Сутјеска бб (кај хуманитарната зграда); Дујле; Автобуска станица; ул.Васил Главинов (пред Локалната самоуправа); Трговски центар; Дом на култура; Автобуска станица; Дујле; Сењак-ул. Сремски фронт бр.6; Сењак-ул. Сремски фронт (КАМ-маркет); Дузлак-ул.Сремски Фронт; Дузлак-ул.Драги Крупишки |
| ***ЛИНИЈА 3**** | БЛОК 70-ЧАРДАКЛИЈА-БЛОК 70 | Блок 70 - раскрсница на улиците Христијан Карпош и Коле Неделков (кај детското игралиште); Полиција; Трговски центар; Дом на култура; Македонија пат; ЕМУЦ; Железничка станица; Населба "Македонка"; Населба "Балканска"; приградска населба Чардаклија. |
| ***ЛИНИЈА 4*** | ДУЗЛАК - СЕЛЦЕ - ДУЗЛАК | Дузлак-ул.Драги Крупишки; Дузлак-ул.Сремски Фронт; Сењак-ул.Сремски Фронт (спроти КАМ-маркет); Сењак-ул.Сремски Фронт бр.6; Дујле; Автобуска станица; Ново Село; Софилари; Драгоево; Селце |
| ***ЛИНИЈА 5*** | БАБИ-ЛЕСКОВИЦА-БАБИ | Баби-ул.Сајбие Демир бр.2; Баби-ул.Лески (спроти поштата); Баби (раскрсницата со улиците "Партизанска" и "Крушевска Република"); Дујле; Автобуска станица; Ново Село; Лакавица; Лесковица. |
| ***ЛИНИЈА 6*** | БЛОК 70 - ВРСАКОВО - БЛОК 70 | Блок 70; Полиција; Трговски центар; Дом на култура; Македонија пат; ЕМУЦ; Железничка станица; Три Чешми; Криви Дол; Врсаково. |
| ***ЛИНИЈА 7*** | НОВО СЕЛО - СТАР КАРАОРМАН - НОВО СЕЛО | Ново Село; Автобуска станица; Дујле; Баби; Стар Караорман; |

Член 3

Мрежата на линии помеѓу Општината Штип и Општината Карбинци се утврдува и тоа:

| Број на линијата | Назив на линијата | Патека на движење на линијата |
|---|---|---|
| ***ЛИНИЈА 8**** | БЛОК 70 - КРУПИШТЕ - | Блок 70- раскрсница на улиците Христијан Карпош и Коле Неделков (кај детското игралиште); Полиција; Трговски центар; Дом |

| | | |
|---|---|---|
| | БЛОК 70 | на култура; Македонија пат; ЕМУЦ; Железничка станица; Населба "Македонка"; Населба "Балканска"; Чардаклија; Балван; Крупиште. |
| ***ЛИНИЈА 9*** | НОВО СЕЛО - РАДАЊЕ - НОВО СЕЛО | Ново Село-ул.Крсте Мисирков; Автобуска станица; Дујле; Баби; Стар Караорман; Нов Караорман; Таринци; Карбинци; Радање. |
| ***ЛИНИЈА 10*** | НОВО СЕЛО - ЦРВУЛЕВО - НОВО СЕЛО | Ново Село-ул.Крсте Мисирков; Автобуска станица; Дујле; Баби(раскрсницата со улиците "Партизанска" и "Крушевска Република"); Стар Караорман; Нов Караорман; Таринци; Карбинци; Аргулица, Црвулево. |

*- патеката на движење на линијата 3. со линијата 8. се поклопува, така што ако се случи спогодба за заедничко организирање на линиски превоз со Општината Карбинци ќе постои само линија 8. со можност за краен терминал Чардаклија во нефрекфентните времиња

Член 4

Мрежата на линии помеѓу Општината Штип и Општината Карбинци ќе се применува откако двете општини ќе склучат спогодба за заедничко организирање на општинскиот линиски превоз.

Член 5

Се овластува градоначалникот на Општината Штип да ја потпише спогодбата за заедничко организирање на општинскиот линиски превоз со Општината Карбинци.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Општината Штип".

Број 0701-2308/1
11 август 2006 година
Ш т и п

Претседател,
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

208.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА "ИНДУСТРИСКА ЗОНА" - 2, ДЕЛ ОД УБ 52 И 53, УМ 1 и 2

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на дел ид Деталниот урбанистички план на "Индустриска зона"-2, дел од УБ 52 и 53, УМ 1 и 2.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2309/2<br>14 август 2006 година<br>Ш т и п

Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р.

209.

Врз основа на член 22 и 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА "ИНДУСТРИСКА ЗОНА" - 2, ДЕЛ ОД УБ 52 И 53, УМ 1 и 2

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план на "Индустриска зона "- 2, дел од УБ 52 и 53, УМ 1 и 2 Штип според урбанистичка докумантација изготвена од ЈП"Штип-Проект"-Штип со технички број 67/2004.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи

- Текстуално образложение
- Графички прилози според Законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичка документација
- Стручна ревизија на урбанистичка документација
- Одговор на стручната ревизија
- Согласност број 13-6519 од 06.06.2005 година од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2309/1
11 август 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

210.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ПОДРАЧЈЕТО ОПШТИНАТА ШТИП - СПОМЕН ПАРК ЗА ЕГЗОДУСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

I

Се објавува Одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја на подрачјето на Општината Штип - Спомен парк за егзодусот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2310/2
14 август 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

211.

Врз основа на член 8 и 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ", број 66/04), член 21, а во врска со член 48 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ПОДРАЧЈЕТО ОПШТИНАТА ШТИП - СПОМЕН ПАРК ЗА ЕГЗОДУСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

По повод 60 години од егзодусот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија, се подига спомен-обележје - Спомен парк во град Штип.

Спомен паркот ќе се уреди на просторот на т.н. фудбалско игралиште во паркот на некогашниот ТК "Македонка".

Член 2

Средствата за подигање на спомен-обележјето-Спомен парк во град Штип ќе ги обезбеди Здружението "МАКЕДОНСКИ ЕГЕЈ" од Штип.

Член 3

Со спомен-обележјето - Спомен парк во град Штип ќе управува и ќе го користи Општината Штип.

Чувањето, одржувањето и заштитата на спомен-обележјето е во надлежност на иницијаторот - Здружението "МАКЕДОНСКИ ЕГЕЈ" од Штип, кое ќе обезбеди и средства за таа намена.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2310/1
11 август 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

212.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2311/2
14 август 2006 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

213.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 1

Од Буџетот на Општината Штип за 2006 година се доделува финансиски средства на:

1. Дом на млади за покривање на трошоците од договорните обврски за реализирање на Програмата во месеците јануари-април-40.000,00 денари.
2. Фестивалот на забавни мелодии "Макфест"-100.000,00 денари.
3. Центарот за деца и млади АРТ за печатење едукативен материјал-10.000,00 денари.
4. Владко Мирасчиев за печатење на книгата "Димитар Мирасчиев"-10.000,00 денари.
5. Елена Кожухарова за издавање на книгата "Страв од медузата"-10.000,00 денари.
6. ЛК "Искра" за издавање на книгата "Драми"-10.000,00 денари.
7. Иван Сулевски за издавање на каталог и јубилејна изложба-10.000,00 денари.
8. КУД "Исарски бисери"-10.000,00 денари.
9. Даниел Папаров за учество на Балкански фестивал за уметности во Љубљана-30.000,00 денари.
10. Димитар Мишев за учество на Интернационалната Олимпијада по информатика која ќе се одржи во Мерида-Мексико од 13 до 20 август-25.000,00 денари.
11. Адела Мазникар за учество на Интернационалната Олимпијада по информатика која ќе се одржи во Мерида-Мексико од 13 до 20 август-25.000,00 денари.
12. Црквата "Св. Петка"-с. Кошево-5.000,00 денари.
13. Црквата "Св. Кирил и Методи" во населба "Баби"-5.000,00 денари.
14. Црквата "св. Тројца" во населба "Баби"-5.000,00 денари.
15. Здружението на пензионери-10.000,00 денари.
16. Ленче Дечева за лекување-3.000,00 денари.
17. Боби Вукановски за лекување-3.000,00 денари.
18. Џемаил Демиров за лекување-6.000,00 денари.
19. Валентина Тодорова за лекување-3.000,00 денари.
20. Пакизе Паралапанова за лекување-3.000,00 денари
21. Златков Коле Љубе за лекување-3.000,00 денари.
22. Радмила Кузманова за лекување-2.000,00 денари.
23. Нада Кочиќ за лекување-6.000,00 денари.
24. Марика Костова за лекување-3.000,00 денари.
25. Тоде Митев за лекување-6.000,00 денари.

26. Слободан Трајков за лекување-3.000,00 денари.
27. Јалдс Мемедова за лекување-3.000,00 денари.
28. Емилија Ѓеоргиева за лекување-6.000,00 денари.
29. Шенгул Раманова за лекување-2.000,00 денари.
30. Кенан Керимов за лекување-3.000,00 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општината Штип.

Број 0701-2311/1
11 август 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

214.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА ВТОР КВАРТАЛ НА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општината Штип за втор квартал на 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2312/2
14 август 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

215.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА ВТОР КВАРТАЛ НА 2006 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршувањето на Буџетот на Општината Штип за втор квартал на 2006 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2312/1
11 август 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

216.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СРЕДСТВАТА НА МЕСНИОТ САМОПРИДОНЕС И ДОБИЕНИТЕ КАМАТИ ОД ОРОЧЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БАНКИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.06.2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 30.06.2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2313/2
14 август 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

217.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 11 август 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СРЕДСТВАТА НА МЕСНИОТ САМОПРИДОНЕС И ДОБИЕНИТЕ КАМАТИ ОД ОРОЧЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БАНКИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.06.2006 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 30.06.2006 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2313/1
11 август 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

## С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 194. | Решение за објавување на Решението за престанок на мандат | 209/10 |
| 195. | Решение за престанок на мандат | 209/10 |
| 196. | Решение за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија | 210/10 |
| 197. | Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија | 210/10 |
| 198. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 211/10 |
| 199. | Заклучок за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 212/10 |
| 200. | Решение за објавување на Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 212/10 |
| 201. | Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 213/10 |
| 202. | Решение за објавување на Решението за измена и | 213/10 |

| | | |
|---|---|---|
| | дополнување на Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип | |
| 203. | Решение за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип | 214/10 |
| 204. | Решение за објавување на Решението за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип | 214/10 |
| 205. | Решение за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип | 215/10 |
| 206. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип | 215/10 |
| 207. | Одлука за утврдување на мрежата на градските и приградските линии во Општината Штип | 216/10 |
| 208. | Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на дел од Деталниот урбанистички план на "Индустриска зона"-2, дел од УБ 52 и 53, УМ 1 и 2 | 218/10 |
| 209. | Одлука за измена и дополнување на дел од Деталниот урбанистички план на "Индустриска зона"-2, дел од УБ 52 и 53, УМ 1 и 2 | 219/10 |
| 210. | Решение за објавување на Одлуката за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја на подрачјето на Општината Штип-Спомен парк за егзодусот на Македон-ците од Егејскиот дел на Македонија | 220/10 |
| 211. | Одлука за подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја на подрачјето на Општината Штип-Спомен парк за егзодусот на Македонците од Егејскиот дел на Македонија | 220/10 |
| 212. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 221/10 |
| 213. | Одлука за доделување на финансиски средства | 222/10 |
| 214. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на буџетот на Општината Штип за втор квартал на 2006 година | 223/10 |
| 215. | Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на буџетот на Општината Штип за втор квартал на 2006 година | 223/10 |
| 216. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 30.06.2006 година | 224/10 |
| 217. | Заклучок за усвојување на Извештајот за средствата на месниот самопридонес и добиените камати од орочените средства во банките за период од 01.01. до 30.06.2006 година | 225/10 |